**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И**
**АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП 1 Бр.** 08-318
21 . 08 .**2020 година**
**С к о п ј е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 20 став 1 алинеја 10[1], а во врска со член 76 став 7 и член 24 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), член 15 став 1 алинеја 2, член 39 став 1 алинеја 10 и член 51 став 3 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, во врска со поднесеното Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, на регионално ниво, Уп1 бр.08-246 од 29.05.2020 година, со дополнување од 30.06.2020 година и од 14.07.2020 година, од страна на Друштвото за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип и Заклучокот арх.бр.02-3215/5 од 19.08.2020 година, на својата 31-ва седница одржана на 19.08.2020 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на регионално ниво

1. СЕ ДОДЕЛУВА дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик, на регионално ниво - Д3 - Туртел (Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Штип, Чешиново – Облешево, Карбинци, Зрновци, Виница, Делчево, Пехчево и Берово), на правното лице Друштвото за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип, со седиште на ул.„Коле Неделковски" бр.19, Штип, со ЕМБС 7418787 и ЕДБ 4029020523720.

Телевизискиот програмски сервис од став 1 на оваа точка ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

2. Дозволата од точка 1. на оваа Одлука, се доделува за временски период од 9 (девет) години.

3. По приемот на оваа Одлука за доделување дозвола, правното лице Друштвото за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, треба да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар во Централен Регистар на Република Северна Македонија.

4. Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од Друштвото за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, ќе плаќа годишен надоместок на сметка на Агенцијата, за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

5. Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од Друштвото за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, се обврзува да започне со вршење на дејноста на 01.10.2020 година.

Во случај на непочитување на рокот за започнување со вршење на дејноста наведен во став 1 на оваа точка од Одлуката, Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

6. Оваа Одлука е конечна и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 76 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доделува дозвола за телевизиско или радио емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, за која не се распишува јавен конкурс и дозволата се доделува по барање на заинтересирана страна на начин и постапка утврдени со напред цитираниот Закон.

Друштвото за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип на 29.05.2020 година до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесе Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс Уп1 бр.08-246 од 29.05.2020 година, за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик, на регионално ниво Д3 - Туртел (Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Штип, Чешиново – Облешево, Карбинци, Зрновци, Виница, Делчево, Пехчево и Берово), кој ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

По приемот на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-246 од 29.05.2020 година, Стручната служба на Агенцијата пристапи кон разгледување на истото при што констатираше дека поднесеното барање не е уредно пополнето, не ги содржи сите податоци кои се предвидени во член 76 ставови 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно истото е нецелосно. За наведеното, Агенцијата согласно член 76 став 6 од истиот Закон, на 15.06.2020 година, со допис – Известување, Уп1 бр.08-246 од 15.06.2020 година, го извести подносителот на барањето - ДТПУ М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип и го задолжи во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на известувањето, да го дополни Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-246 од 29.05.2020 година и да ги отстрани констатираните недостатоци. Подносителот на барањето, ДТПУ М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип, во зададениот рок од страна на Агенцијата, односно на 30.06.2020 година достави дополнување на Барањето Уп1 бр.08-246 од 29.05.2020 година, за доделување дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување. По неговото разгледување се констатираше дека истото повторно има одредени недостатоци односно забелешки, во врска со кои на подносителот на барањето му беше доставено Известување Уп1 бр.08-246 од 10.07.2020 година. Притоа беше известен дека е потребно да постапи по Известувањето на Агенцијата (наш Уп1 бр.08-246 од 10.07.2020 година), и да ги отстрани утврдените недостатоци во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на известувањето. На 14.07.2020 година, подносителот на барањето, ДТПУ М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип, до Агенцијата, повторно достави дополнување на Барањето Уп1 бр.08-246, за доделување дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување.

Заради правилно утврдување на фактите при донесување на одлуката за доделување на дозвола за телевизиско емитување, Агенцијата до Централниот регистар на Република Северна Македонија, на 04.08.2020 година, достави допис – Барање податоци (наш арх.бр.03-3118/1), во однос на тоа на кои трговски друштва се јавуваат како основачи: подносителот на барањето и основачите/сопственициите на правното лице ДТПУ М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип (од кои сопственици еден истовремено е и управител на подносителот на барањето). Централниот регистар на РСМ до Агенцијата на 06.08.2020 година со допис бр.08-1409/2 од 05.08.2020 година (наш арх.бр.03-3118/2 од 06.08.2020 година) ги достави бараните податоци, при што од

доставените податоци беше констатирано дека не се прекршуваат одредбите од Глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

По разгледување на поднесеното Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-246 од 29.05.2020 година, со дополнувања од 30.06.2020 година и од 14.07.2020 година, а согласно член 76 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се утврди дека предметниот барател ги исполнува условите и обврските утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на овој Закон, како и тоа дека на барателот правното лице ДТПУ М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип, не му е одземена дозвола за телевизиско или радио емитување во последните 5 (пет) години.

Согласно член 76 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата ќе донесе одлука за доделување на дозволата во рок од три месеци од денот на приемот на уредното барање, доколку утврди дека барателот ги исполнува условите и обврските утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на него и доколку на барателот не му била одземена дозволата за телевизиско или радио емитување.

Следствено на наведеното, директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски до Советот на Агенцијата достави Предлог Уп1 бр.08-318 од 14.08.2020 година за донесување на Одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување.

По приемот на оваа Одлука за доделување дозвола, Друштвото за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, треба да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар во Централен регистар на Република Северна Македонија. Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од Друштвото за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, ќе плаќа годишен надоместок на сметка на Агенцијата, за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата. Начинот на пресметка, фактурирање и наплата на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување по барање преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс ги утврдува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 80 од напред цитираниот Закон и согласно Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-6222/1 од 12.12.2014 година. Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од Друштвото за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, се обврзува да започне со вршење на дејноста на 01.10.2020 година, а доколку имателот на дозволата не започне со вршење на дејноста во рокот утврден во дозволата, Агенцијата согласно член 82 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на сето погоре наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 31-та седница, одржана на 19.08.2020 година, а согласно Заклучокот арх.бр.02-3215/5 од 19.08.2020 година, донесе Одлука како во диспозитивот, која е конечна и по нејзиното донесување ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука Барателот за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа, доколку е незадоволен од одлуката, може да поднесе тужба до надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- Друштвото за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип;
- Управителот на Друштвото за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип;
- Директорот на Агенцијата,
- Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата;
- Сектор за правни работи, и
- Назначеното лице за водење на Уписникот (Уп1).